ИНИЦИЈАТИВА И ПЕТИЦИЈА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГРАДОНАЧАЛНИЧКАТА АРСОВСКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА "Скопје Европски град на културата за 2028г"

Известување до медиуми

Почитувани медиуми,

Во септември 2023 година, градот Скопје ја доби својата официјална номинација за **Европска престолнина на културата за 2028 година**, значајна пресвртница што беше проследена во јануари 2024 година со издавање на официјална документација за формализирање на номинацијата - во суштина де факто договор со Европската комисија во Брисел.

Под раководство на градоначалничката Данела Арсовска, пак, Градот Скопје не направи значителен напредок во исполнувањето на директивите наведени од Европската комисија во изминатата година и три месеци. **Овој недостаток на напредок е експлицитно забележан во првиот мониторинг извештај**, кој го оценуваше статусот на градот и резултатите од состаноците одржани во април и октомври 2024 година, како дел од тековниот процес на евалуација.

Од извештајот: "Во првичната дискусија пред да се осврне на шесте критериуми кои ја регулираат акцијата за Европска престолнина на културата, панелот-(9 претставници од ЕУ) **изрази значајна загриженост дека извештајот поднесен од градот Скопје не се придржува до деталните упатства дадени од Европската комисија.**"

"Покрај тоа, извештајот не ги одрази препораките дадени од панелот во извештајот за селекција. **Ова предизвикува сериозна загриженост за состојбата на подготовките за Скопје 2028 и дали Скопје, всушност, ќе може да ги испорача високите стандарди** што се очекуваат за европска престолнина на културата до 2028 година, во согласност со обврските **преземени во книгата за конечна изборна понуда што претставува де факто договор со Европската комисија**.

Discussion

In the initial discussion prior to addressing the six criteria governing the European Capital of Culture Action, the panel expressed significant concern that the report submitted by the city of Skopje did not adhere to the detailed instructions provided by the European Commission regarding the specific content required for an ECoC progress report. Consequently, in the first monitoring report, the panel had anticipated a comprehensive overview of the actual progress of the ECoC preparations, assessed criterion by criterion, since the selection twelve months ago and official designation in January 2024. Moreover, the report failed to reflect on the recommendations made by the panel in the selection report. This raises serious concerns about the state of preparations for Skopje 2028 and whether Skopje will, in fact, be able to deliver the high standards expected of a European

Capital of Culture by 2028, in line with the commitments made in the final selection bid book, which constitutes a *de facto* contract with the European Commission.

Според последните информации, ситуацијата стана критично загрижувачка, со тоа што градот Скопје се ближи до одлука што може да резултира со одземање на номинацијата за европска престолнина на културата за 2028 година. Дури е можно официјалното објавување на оваа одлука да се направи веќе следната недела. Ваквиот исход би означил настан без преседан во 40-годишната историја на иницијативата на Европската престолнина на културата организирана од Европската комисија.

Моето познавање на внатрешната работа на Европската комисија во Брисел, неодамнешните информации што ги добив беа точката на врвот на моето трпение. Стана очигледно дека е изгубена цела година и се случија значителни доцнења во подготовките за 2028 година. Извештајот од мониторингот покрена сериозна загриженост за потенцијалниот преседан што наскоро може да се случи. Ваквиот исход е неприфатлив за мојот град, мојата Македонија, особено поради неспособноста на одредени поединци.

Како резултат на тоа, презедов иницијатива решително да се посветам на ова прашање. Во моите разговори со високи претставници на Европската комисија во Брисел, добив уверување дека овој проблем може да се реши само преку назначување на нов тим за спроведување на иницијативата. Овој пристап се усогласува со две слични ситуации кои тие ги имале во изминатите 38 години, а и двете биле успешно решени преку вакви мерки и иницијативи. Понатаму, комуницирав со истакнати личности и експерти од областа на културата и уметноста во Македонија, кои ја изразија својата целосна поддршка за оваа иницијатива и истите се потпишаа и заложија својот кредибилитет.

За таа цел, испратив официјално писмо до Европската комисија во Брисел, поточно до Дирекцијата за култура, креативност и спорт - Одделение Д2, во кое ја истакнав мојата определба и посветеноста на иницијативниот комитет. Овој напор ќе биде зајакнат и со граѓанска петиција.

Доколку го делите ставот дека на Град Скопје и на градоначалничката Арсовска треба да им се одземе правото да ја организираат европската престолнина на културата 2028 година, љубезно ве молам да го дадете својот глас на линкот даден во прилог.

Ви испраќам линк за петицијата каде има линк од извештајот на ЕК: https://shorturl.at/vEMxG

За иницијаторот и иницијативен одбор

Повеќе од 15 години, активно сум ангажиран во развојни и иновативни проекти, вклучувајќи ги и оние финансирани од програмите на Европската комисија. Со текот на годините, учествував во анализата и мониторингот на регионите и активно бев вклучен во работните групи во рамките на Европската комисија. Водам мрежа на партнерски организации во европски проекти каде се високо образовни институции, приватен сектор и јавен сектор каде се и главни градови, градови и општини, региони и институции на 150 милиони жители или една третина од ЕУ. https://acridnetwork.com/about-acrid-network/

Дополнително, имам организирано и неколку настани во Европската комисија и Европскиот парламент, кои јавно ги споделувам на моите профили на социјалните мрежи. Моето долгогодишно искуство и длабинското разбирање на Европската комисија, нејзините директорати, како и значењето и толкувањето на нивните извештаи го мотивираа овој одговор и иницијатива. Оваа иницијатива е проактивен напор да се спречи историски преседан во кој еден град е номиниран и последователно одземен од титулата Европска престолнина на културата. Иницијативниот комитет се состои од истакнати личности од културниот сектор кои, како мене, не можат да молчат за алармантната состојба на работите истакната во мониторинг извештајот на Европската комисија.

За сите прашања кои произлегуваат од оваа иницијатива, ви стојам на располагање и останувам посветен на обезбедување транспарентност и соработка во текот на овој процес.

Со поздрав
Илија Вучков